СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

**Информација за преземени активности по заклучок на Годишно собрание на акционери одржано на 31.5.2022 година - проценка на соодноs помеѓу обични и приоритетни акции за цели на можна конверзија**

Со цел објективно и целосно информирање на инвеститорската јавност и сите заинтересирани страни, Стопанска банка АД – Скопје (понатаму: „Банката“ или „СБ“) ја споделува следната информација:

На редовното годишно Собрание на акционери на СБ одржано на 31.5.2022 година беше побарано од Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката да ги преземат сите неопходни активности со цел да биде определена трета квалификувана и независна страна, со цел да изврши проценка на разменскиот соодноs помеѓу обичните и приоритетните акции за потенцијална конверзија (претворање) на приоритетните во обични акции во постапка пропишана со закон. Ваквиот став беше заземен имајќи предвид дека конверзијата ги засега правата на двата рода на акции, и како таква претставува комплексна и чувствителна активност, поради што постапката треба да ги следи најдобрите меѓународни практики за ваков тип на трансакции.

Постапувајќи по заклучокот од Собранието на акционери, Управниот одбор на Банката веднаш пристапи кон ангажирање на трета независна страна и во процес на селекција помеѓу неколку квалификувани учесници го избра и потпиша договор со реномираното меѓународно консалтинг друштво „Ернст и Јанг“ (понатаму: „Проценителот“) со цел извршување на горенаведениот ангажман.

Со оглед на комплексноста на прашањето и видот на податоци кои требаше да бидат доставени од страна на Банката и анализирани од страна на консалтинг друштвото, за изготвувањето на бараниот извештај беше потребен извесен временски период. Следствено, ја информираме јавноста дека Извештајот од Проценителот е изготвен и доставен до Банката. Истиот беше дискутиран и разгледан од страна на Надзорниот одбор на Банката и беше заклучено дека иако проценката е од советодавна природа и не е обврзувачка за ниту една страна, истата се заснова на конкретни факти и податоци, а е изготвена согласно стручни знаења, најдобри практики и искуства со кои располага ангажираното друштво, па како таква претставува добра основа за продолжување на активностите и комуникацијата помеѓу акционерите за можна конверзија на приоритетните во обични акции.

Согласно горенаведеното, го објавуваме и заклучокот од Извештајот на Проценителот, а истиот е достапен и на официјалната веб-страница на СБ. Дополнително, за акционерите на СБ, споменатиот Извештај е достапен за увид и во просториите на Банката, со претходна најава на телефонскиот број 02/3295-591.

Се повикуваат сите акционери и заинтересираната јавност да ја разгледаат и земат предвид проценката на вредноста на акциите на Банката и да доставаат свои предлози за конверзија на приоритетните во обични акции. Истите ќе бидат разгледани од страна на Надзорниот одбор во текот на месец април 2023 година и ќе се земат предвид при подготовка на дневниот ред на годишното Собрание на акционери на Банката.

**СТОПАНСКА БАНКА АД – СКОПЈЕ**
Скопје, 05.4.2023 година

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk